# ДОДАТОК V

# РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

**Друштво за рециклирање на хартија и**

**остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани**

**Барање за А - интегрирана еколошка дозвола**

# ДОДАТОК V

# РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

## СОДРЖИНА


ДОДАТОК V ........................................................................................................ 1

V.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи ............................................ 3

V.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата.......................... 5

V.2.1. Управување со цврст отпад .................................................................... 6

V.2.2. Управување со отпад од пакување............................................................ 6

V.2.3. Управување со отпадна тиња .................................................................. 7

V.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата (сопствена депонија) .... 7

ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ V.................................................................................. 8

Прилог V.1. Договор со “УНИТРЕЈД 2012” за купопродажба на отпадна хартија, најлон, пластика, метал и друг неопасен отпад ........................................ 9

Прилог V.2. Договор со “ПАКОМАК” за спроведување на обврски за постапување со отпад од пакување (превземање на отпад од пакување од: отпадна хартија, картон, пластика, стакло, метал, композитни материјали, дрво) ............................................................................................................ 11

Прилог V.3. Договор со “МИНОЛ” за превземање на отпадни масла и друг отпад .... 21

### V.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи

Во рамките на инсталацијата „Пејпар Мил“ има повеќе магацини за складирање на суровини, помошни материјали, готов производ и горива:

- *Магацински простор за суровини* (отпадна хартија) и резервни делови за машините на приземје, со површина од 1700 m$^2$
- *Магацин за масла* на приземниот кат, со површина од 100 m$^2$
- *Магацин за готов производ* на приземниот кат, со површина од 1000 m$^2$
- *Магацински простор за хемикалии* (средства за клеење и боја, како и резервни делови за машината, склопки и сита) на прв кат со површина од 469 m$^2$
- *Магацински простор за скроб* на втор кат (клејска кујна) со површина од 437 m$^2$
- *Платформа за складирање на боци со метан* во близина на котларата.

**Отпадната хартија** како главна суровина потребна за производниот процес се доставува до инсталацијата „Пејпар Мил“ од страна на повеќе добавувачи на отпадна хартија, кои соодветната хартија ја носат претходно селектирана и балирана. Инсталацијата има склучено Договор за доставување на отпадна хартија за рециклирање со следните компании: Унитрејд 2002 ООД, Унитрејд Еко ООД, Унитрејд БГ ООД, Еј Би Ем Груп ООД компании од Бугарија и Унитрејд 2012 Дооел и Нутривет, компании од Скопје. Отпадната хартија, по приемот се складира во магацин за суровини на приземниот кат од инсталацијата, на посебно одредено место на бетонирана подлога, заштитена од надворешни влијанија. Доставените бали со помош на вилушкар се редат во висина се до нивно преземање за рециклирање.





Складирање на балите во магацин за суровини во инсталацијата

Отпадната хартија со помош на вилушкарите се пренесува до транспортна трака од каде се носи до палперот.

Најголем дел од **хемикалиите** кои се во течна состојба и се користат во производниот процес на хартија се набавуваат спакувани во канистри од по 1 тон (прикажани на следната слика). Хемикалиите и другите помошни материјали кои се

користат во процесот на производство на хартија, се чуваат во магацините во рамките на инсталацијата, во амбалажа во која се набавуваат од добавувачите. По празнењето на канистрите, истите времено се складираат се до финално преземање од страна на овластен постапувач за отпад од пакување.



Складирање на хемикалии кои се користат во процесот на производство

Дозирањето на хемикалии (Feno Sizes C28 и кафена боја) се врши со пумпи, преку контролна соба и компјутерски систем во согласност со препораките на производителот во однос на начинот на дозирање по тон производ.

**Скробот** се набавува во натрон вреќи од 25 kg, наредени на дрвени палети со стреч фолија. Натрон вреќите по празнењето се рециклираат во машината за производство на хартија на инсталацијата „Пејпар Мил“. Подготовката на скробот (варењето) се врши во клејската кујна на вториот кат. Катјонскиот скроб по подготовката, се дозира преку цевка од клејска кујна во мешална када која се наоѓа на вториот кат. Дозирањето на анјонскиот скроб се врши преку лајмска преса на првиот кат, при процесот на сушење на хартијата.



Лајмска преса за дозирање на анјонски скоб

**Флокулантот KEMPAC 18** се набавува во пластични канистри од по 1 тон и истиот се дозира со пумпи во количина од 1,5 kg/ t припремна хартиена маса.

**Маслата** кои се користат за подмачкување на машините и опремата во инсталацијата, се чуваат во посебен магацин на приземје и тоа само во мали неопходни количини кои се додаваат во системот за подмачкување на машините.



Систем за подмачкување на машината за производство на хартија

**Произведената хартија (готовиот производ**) се складира во магацин за готов производ. Од таму до рампата за утовар на камионите, готовите производи се пренесуваат со рачни вилушкари. Во моментот, инсталацијата располага со 2 вилушкари за транспорт и 2 рачни вилушкари. Инвеститорот планира да набави уште еден вилушкар за интерен транспорт. Готовиот производ намотан на ролни ќе се транспортира до магацинот за готов производ со помош на кранови чии спецификации се опишани во Поглавје 2.

Во рамките на инсталацијата, боците со метан кои се користат како гориво за котелот во котларата. Истите се складирани на платформа во близина на котларата од каде се приклучени на котелот. Континуирано се чува складирана резервна боца со метан од 200 bari за дневните потреби на инсталацијата „Пејпар Мил“




Платформа со боци со метан

### V.2. Опис на управувањето со цврст и течен отпад во инсталацијата

Од функционирањето на инсталацијата за производство на хартија, се создаваат следните видови на отпад: *комунален отпад, отпад од пречистување на*

*пулпата (жици, крпи, пластични фолии, песок), отпад од пакување на суровините, отпад од пакување на масла за подмачкување на машините и тиња од третирање на отпадни технолошки води*.

### V.2.1. Управување со цврст отпад

Во рамките на инсталацијата се создаваат следните видови на цврст отпад: комунален отпад, мешан отпад од примесите во старата хартија и отпадната хартија која се создава при производниот процес и од амбалажа на различни суровини.

**Комуналниот отпад** (20 01 01, 20 01 02, 20 01 08, 20 03) кој се создава од вработените во инсталацијата, се складира во соодветен контејнер на посебно означено место во рамките на инсталацијата, се до негово преземање од страна овластена компанија.

Од пречистувањето на пулпата во хидропулперот се создаваат **мешан отпад** (03 03 07) од примесите кои доаѓаат со суровината како што се најлони, лепак – селотејп, влакна, текстил, песок, стиропор во просечна количина од неколку килограми на тон суровина. Најлонот и стиропорот се одделуваат од фракцијата песок и како одвоени фракции на отпад ќе бидат соодветно складирани се до нивното преземање од страна на „Унитрејд 2012“ од Скопје.

**Отпадната хартија** која се создава при производниот процес и од амбалажа на различни суровини се собира и се враќа назад во процесот на производство на хартија во инсталацијата како суровина, односно истата се искористува и не се јавува како отпад.

Од пакување на готовиот производ се создава многу мала количина на отпад од **стреч фолија,** која се презема од овластен постапувач согласно склучен Договор.

### V.2.2. Управување со отпад од пакување

Инсталацијата „Пејпар Мил“ управува со создадениот отпад од пакување согласно националното законодавство, односно има склучено договори за преземање со овластени компании за постапување со отпад од пакување („Пакомак“ и „Унитрејд 2012“). Од функционирањето на инсталацијата се создаваат: отпад од пакување на суровините и отпад од пакување на маслата кои се користат за подмачкување на опремата.

**Отпад од пакување на суровините** (15 01 02) кои се користат во производниот процес се пластични канистри од 1 тон кои привремено се складираат во магацинот за хемикалии, се до нивно преземање од страна на овластена компанија за постапување со отпад од пакување. Инсталацијата има склучено договор со „Пакомак“ (правно лице

за постапување со отпад од пакување) и „Унитрејд 2012“ од Скопје (правно лице кое поседува Дозвола за складирање и третман на овој вид отпад).

Во Прилог V.1 и Прилог V.2 е дадена копија од Договорите за преземање на отпад од пакување склучен помеѓу „Пејпар Мил“ и „Пакомак“ односно „Унитрејд 2012“.

Во рамките на инсталацијата се создава **отпад од пакување на маслата** кои се користат за одржување на машините, опремата и вилушкарите во инсталацијата. Овој вид на отпад е класифициран со шифра 15 01 10* и истиот се складира на посебна локација во рамките на инсталацијата во магацин на приземниот кат, на бетонирана непропусна подлога. Инсталацијата има склучено договор за превземање на овој вид на отпад со ФПМ „Минол“ Дооел од Штип (копија од Договорот е дадена во Прилог V.3).

### V.2.3. Управување со отпадна тиња

Од пречистувањето на отпадните технолошки води во инсталацијата ќе се создава **мил од третирање на отпадни води** на местото каде што се создаваат поинаков од оној во 03 03 10, која претставува неопасен отпад. Инсталацијата ќе склучи Договор за преземање на тињата со овластена компанија односно заинтересирани земјоделци за нејзино користење како ѓубриво на земјоделски површини (по потврда за соодветниот квалитет на тињата за користење на земјоделски површини врз база на испитувања на следните параметри: сува материја, органска материја, pH, азот, фосфор и кадмиум, бакар, никел олово, цинк, жива и хром согласно Правилникот за начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности на концентрациите не тешките метали во почвата во која се користи тињата, вредностите на концентрациите на тешки метали во тињата, согласно со нејзината намена и максималните годишна количина на тешки метали што можат да се внесат во почвата (Сл. Весник на РМ бр. 73/11)).

Во Табела V.2.1 и V.2.2 (во образецот на Барањето) се дадени типовите на отпад кои се создаваат во инсталацијата, со нивни количини создадени на месечно ниво, начин на одлагање и постапување со истите.

## V.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата (сопствена депонија)

Во границите на инсталацијата нема депонија за одложување на отпад.

# ДОДАТОК КОН ПРИЛОГ V

**Прилог V.1. Договор со “УНИТРЕЈД 2012” за купопродажба на отпадна хартија, најлон, пластика, метал и друг неопасен отпад**

Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија ПЕЈПАР МИЛ ДОО
Бр. 0061-17
16-03-2017 год.
КОЧАНИ

Друштво за рециклирање, производство, трговија и услуги УНИТРЕЈД 2012 ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0807-14
16.03 2017 год.
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА**

**Склучен на ден: 16.03.2017**

1 . **„ПЕЈПАР МИЛ „ДОО Кочани** , ул. Стево Теодосиевски 21/2-5 Кочани , со ЕДБ 4013016514232, мат.број 7135211, претставувана од управителот Јулијан Даскалов , (во понатамошниот текс) Продавач

2.„**УНИТРЕЈД 2012„** дооел со седиште ул.Кленоец 24 б, Скопје, со локација на подружница ул. 1632 бр.6, со ЕМБС 6795897 и ЕДБ 4057012517935 претставувана од управителот Петар Ангов (во понатамошниот текст)Купувач

Член 1

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на договорните страни во врска со купопродажба на отпадна картија, најлон, пластика, метал и друг вид на неопасен отпад , за кое што имаме соодветна дозвола добиена од Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ.

Член 2

Квалитетот, количините и цените на неопасниот отпад ќе се договараат при испорака на робата .

Мерењето на отпадниот матерјал ќе се врши на взаемно прифатени ваги, а договорните страни ќе го потврдат испорачаното количество и квалитетот , со потпис на испратница која ќе биде основ за фактурирање.
Купувачот е должен да изврши плаќање на фактурата во рок од 30 дена,сметано од денот на издавање на истата од страна на Продавачот.

Член 3

Врз основа на член 39 од Законот за управување со отпад, двете страни се согласни да пополнат идентификационен и транспортен формулари за отпад согласно правилникот.

Член 4

Двете страни се должни да ги почитуваат и применуваат сите прописи и обврски согласно Законот за безбедност и здравје при работа,ризикот за безбедност при истовар/утовар на отпадниот матерјал го превзема фирмата Купувач.

Член 5

Се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и др. позитивни прописи на РМ, во спротивно надлежен е Основниот Суд Скопје 2 Скопје

Член 6

Договорот е склучен во 2 (два) идентични примерока, по еден за секоја страна.

Член 7

Договорот е склучен на неопределено време, отказниот рок на договорот изнесува 30 дена од достава на еднострaн отказ на договорот од страната која го раскинува до страната на која и се раскинува договорот.

Договорот стапува на сила на денот на потпишување.

| ПРОДАВАЧ | КУПУВАЧ |
|---|---|
| ,,ПЕЈПАР МИЛ ,,ДОО | ,,УНИТРЕЈД 2012,, дооел |
| ------------------------ | ------------------------ |

**Прилог V.2. Договор со “ПАКОМАК” за спроведување на обврски за постапување со отпад од пакување (превземање на отпад од пакување од: отпадна хартија, картон, пластика, стакло, метал, композитни материјали, дрво)**

1/10

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-1386
17.03 20 17 год.
СКОПЈЕ

Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија ПЕЈПАР МИЛ ДОО
Бр. 0062 - 17
17.03 2017 год.
КОЧАНИ

Согласно чл.20 и 21 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*,( Сл.Весник на РМ бр.161/09) на ден __________ писмено е склучен

**ДОГОВОР**
**ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ**

Помеѓу:

**1. ПАКОМАК ДОО Скопје,** со седиште на бул. Партизански одреди, Порта Влае блок 4
ж-ска: 250 001002708705
ДБ: МК 4057010510526
Депонент: ШПАРКАССЕ БАНКА
Застапувано од Управителот Ивановски Филип, во понатамошниот текст како **ПАКОМАК ДОО Скопје.**

**2. Пејпар мил“ ДОО Кочани,** со седиште на ул. Стево Теодосиевски бр,21/2-5, 2300 Кочани
ж-ска: 210071352110182
ДБ: МК 4013016514232
Депонент: НЛБ Банка
Контакт е-маил: office@paper-mill.eu; Телефон: 070/376 213
Застапувано од Генералниот Директор Јулиан Серафимов Даскалов, во понатамошниот текст **ПРОИЗВОДИТЕЛОТ**

ПАКОМАК ДОО Скопје, согласно *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* е регистрирано со Решение бр. 30120100043222 на Централен регистар на РМ и со Дозвола бр. 01 11-446/2 од Министерството за животна средина и просторно планирање, како правно лице за постапување со отпад од пакување.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно чл.5 ст.13 т. 2 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува, увезува и /или пушта на пазар стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и ПРОИЗВОДИТЕЛОТ кој како краен корисник увезува спакувана стока.

Сите дефиниции употребени во овој Договор се во согласност со *Законот за управување со пакување и отпад од пакување.*

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Согласно *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*, предмет на овој договор е соработка и збир на активности со кои ПАКОМАК ДОО Скопје, согласно чл. 21 ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно чл. 17 од истиот закон, а со цел остварување на националните цели утврдени во чл. 35 од истиот закон, соодветно на лиценцираните количини од ПАКОМАК ДОО, Скопје.

Двете договорни страни, овој договор го склучија во усна форма на ден 03.05.2016 година, со права и обврски како е наведено подолу и истиот има важност од моментот на неговото усно склучување.
Заради спазување на формалноста, согласно Законот за облигациони односи, договорот го склучуваат и во писмена форма на ден 13.03.2017

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПАКОМАК

**Член 2**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно Законот и овој Договор ги превзема обврските на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ утврдени во чл. 17 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување.

**Член 3**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно чл. 22 ст.5 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* има право, сите обврски отстапени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ а утврдени во чл. 2 од овој Договор, да ги довери на правни и физички лица кои поседуваат соодветни дозволи за постапување со отпад согласно со *Законот за управување со отпад Сл. Весник бр. 68/04*.

**Член 4**

Заради спроведување на обврските утврдени во чл. 17 во *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* ПАКОМАК ДОО Скопје, има право да наплаќа надомест по тип и количина на отпад кој во вид на Ценовник претставува Прилог 1 на овој Договор.

ПАКОМАК ДОО Скопје има право надоместокот да го наплаќа од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, од денот на стапување на сила на овој Договор.

**Член 9**

Пред надлежните органи, ПАКОМАК ДОО Скопје превзема обврска за постапување само за пријавените и платени количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ , а наведени во Извештајот.

**Член 10**

ПАКОМАК ДОО Скопје согласно овој договор и *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*, чл.28 ст.6, е должен пријавените и платените количини на отпад од пакување во Извештаите доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ да ги обработува и ги праќа во форма на годишен извештај до надлежните државни органи согласно чл. 28 ст.2 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување.*

**Член 11**

Согласно овој договор ПАКОМАК ДОО Скопје, има право заради утврдување на вистинитоста на податоците кои што се предмет на Извештаите доставени од ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, да побара ревизија од независно стручно правно или физичко лице.

**Член 12**

Доколку со ревизијата се утврди дека податоците кои се предмет на Извештаите Прилог 2 на овој договор се вистинити и не постојат отстапување од реалната и прикажаната состојба по однос на видот и количината на отпадот, тогаш трошоците за ревизијата ќе бидат на товар на ПАКОМАК ДОО Скопје.

**Член 13**

ПАКОМАК ДОО Скопје ќе му овозможи на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ право на користење на Green Dot license без надоместок и тоа за време траењето на овој Договор само доколку ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ја пријавува во ПАКОМАК ДОО целата количина на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ

**Член 14**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ согласно овој Договор и *Законот за пакување и отпад од пакување* , му ги отстапува на ПАКОМАК ДОО Скопје обврските утврдени во чл. 17 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*.

**Член 15**

Со овој договор ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да води месечна евиденција во писмена и електронска форма во вид на извештаи за видот и целата количина на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ и навремено и вистинито да го информира ПАКОМАК ДОО Скопје за видот и целата количина на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ.

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува извештаите да ги доставува на образецот за Извештај изготвен од ПАКОМАК ДОО Скопје, Прилог 2 на овој Договор,

**Член 5**

ПАКОМАК ДОО Скопје, Ценовникот Прилог 1 кон овој Договор, ќе го формира еднаш годишно.

ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да го објави Ценовникот за наредната година најдоцна до 1- ви Декември во тековната година.
Ценовникот ќе важи за период од 01 Јануари до 31 декември за наредната година.

ПАКОМАК ДОО Скопје го задржува правото, доколку околностите го налагаат тоа, да го менува Ценовникот и во текот на годината.
За секоја промена на Ценовникот во текот на годината, ПАКОМАК ДОО Скопје, е должен да го извести ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најмалку 30 дена пред започнувањето на важноста на новите цени.

**Член 6**

ПАКОМАК ДОО Скопје е должен да достави фактура до ПРОИЗВОДИТЕЛОТ најдоцна 10 календарски дена по добивање на Извештајот за видот и количините на отпад пуштени на пазарот на РМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Износот на фактурата ќе биде пресметан како сума од соодветните количини на отпад од Извештајот, помножени со нивните соодветни единечни надоместоци (по килограм) од актуелниот Ценовник за соодветниот месец за кој што се однесува Извештајот.

За секое задоцнување при плаќање на фактурата ПАКОМАК ДОО Скопје ќе пресметува камата согласно Законот.

**Член 7**

Согласно овој Договор и чл.21 ст. 9 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*, ПАКОМАК ДОО Скопје е должен на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини на отпад од пакување од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, на истиот да му издаде потврда за ослободување од плаќањето на надоместокот утврден во чл. 40 од *Законот за управување со пакување и отпад од пакување*.

**Член 8**

ПАКОМАК ДОО Скопје, сите податоци за видот и количината на отпадот пуштен на пазарот на РМ од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе ги добива во вид на Извештај.

ПАКОМАК ДОО Скопје, е должен да изготви образец за Извештатајот од ст.1 на овој член , кој образец е Прилог 2 на овој Договор.
Извештаите кои нема да бидат доставени од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ на Образецот Прилог 2 кон овој Договор, ПАКОМАК ДОО Скопје има право да не ги прифати и ќе се смета дека воопшто не биле поднесени.

согласно кој извештај ПАКОМАК ДОО Скопје ќе изготви фактура кон ПРОИЗВОДИТЕЛОТ на целиот пријавен износ.

**Член 16**

Месечните извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ за изминатиот месец, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува во писмена форма , заверени со печат и потпис од овластено лице, да ги достави до ПАКОМАК ДОО Скопје, најдоцна до 15-ти во тековниот месецот.
За вистинитоста на истите одговара ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 17**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува заради спроведување на обврските утврдени во чл. 17 во *Законот за управување со пакување и отпад од пакување* на ПАКОМАК ДОО Скопје, да му плаќа надомест во согласност со Ценовник кој претставува Прилог 1 на овој Договор.

Обврската на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за плаќање на надоместокот започнува од денот на стапување на сила на овој Договор.

**Член 18**

Согласно овој Договор, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува уплатата на надоместокот да ја врши на ж-сметка на ПАКОМАК ДОО Скопје по претходно доставена фактура и тоа најдоцна 10 (десет) календарски денови од датумот на приемот на истата.

**Член 19**

ПРОИЗВОДИТЕЛОТ за пријавените и платените количини од Извештајот со денот на стапување на сила на овој Договор, а во согласност со чл. 41 ст.1т.1 од *Законот за пакување и отпад од пакување* ќе биде ослободен од плаќање на надоместокот утврден во чл. 40 од истиот закон.

**Член 20**

Доколку ПАКОМАК ДОО согласно чл.11 од овој Договор побара ревизија заради утврдување на вистинитоста на податоците предмет на извештаите, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да овозможи увид во целокупната документација и пристап до сите информации потребни за непречено спроведување на ревизијата.

**Член 21**

Доколку со ревизијата се утврди дека податоците кои се предмет на Извештаите Прилог 2 на овој Договор, отстапуваат од реалната состојба по однос на видот и количината на отпадот, тогаш трошоците за ревизијата ќе бидат на товар на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 22**

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во Извештајот прикажал помали количини на отпад од реалните, тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ќе плати двојна цена од утврдената согласно актуелниот Ценовник, за разликата во количината.

Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

Сите санкции изречени од надлежните органи спрема ПАКОМАК ДОО Скопје, а по основ на отстапувањата утврдени во овој член ќе бидат на товар на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 23**

Во случај со ревизијата да се утврди дека ПРОИЗВОДИТЕЛОТ во извештајот прикажал поголеми количини на отпад од реалните, тогаш ПРОИЗВОДИТЕЛОТ има право согласно Ценовникот кој важел за периодот за кој се однесуваат податоците да бара поврат на средствата за разликата во количината.
Истото се однесува и за отстапувањата по однос на видот на отпадот од пакување прикажан во Извештајот од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ.

**Член 24**

Доколку надлежни државни органи утврдат дека ПАКОМАК ДОО Скопје, во име и за сметка на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ доставил годишен извештај за постапување со отпад од пакување кој содржи невистинити податоци со цел да се смета дека се исполнети националните цели утврдени со Законот за да се избегне плаќањето на надоместокот, а како резултат на давање на нецелосни или неточни податоци од страна на ПРОИЗВОДИТЕЛОТ, во тој случај ПРОИЗВОДИТЕЛОТ се обврзува да ги плати законски предвидените казни изречени спрема ПАКОМАК ДОО Скопје и кон неговиот Управител.

## IV. ДОВЕРЛИВОСТ

**Член 25**

Согласно овој Договор, двете договорни страни се обврзуваат дека сите информациите кои ги обезбедиле врз основа на овој Договор, извештаите, ревизијата и ги обележале како доверливи нема да ги пренесуваат на било кое трето лице и ќе ги чуваат како деловна тајна и по раскинувањето на овој Договор.
Овие доверливи информации двете договорни страни можат да ги користат само во случај на спор пред надлежни државни органи.

## V. ВАЖНОСТ И ВРЕМЕТРАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 26**

Овој Договор се склучува на неопределено време. Истиот стапува на сила од денот на неговото усно склучување, односно 03.01.2016 година.

## VI. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 27**

Двете договорни страни имаат право еднострано да го раскинат Договорот во секое време, со доставување на писмено известување испратено на другата договорна страна 6 (шест) месеци пред бараниот датум на раскинување.

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од страна на ПАКОМАК ДОО во секое време без дополнителен отказен рок во еден од следните случаи:

- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не го плаќа надоместокот утврден во чл. 17 од овој Договор;
- ПРОИЗВОДИТЕЛОТ 3 месеци последователно не доставува до ПАКОМАК ДОО Скопје месечни Извештаи за видот и количината на отпадот од пакување пуштен на пазарот на РМ согласно чл. 15 и чл.16 од овој Договор;

Овој Договор може да биде раскинат со писмено известување за раскинување од секоја од двете договорни страни во секое време без дополнителен отказен рок доколку другата договорна страна стане платежно неспособна (во случај на стечај или ликвидација), а по претходно намирување на сите обврски согласно овој договор.

**Член 28**

Во случај на раскинување на овој Договор без оглед како е предизвикано, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ е должен да ги подмири сите финансиски обврски спрема ПАКОМАК ДОО Скопје, настанати за времетраењето на овој Договор.

## VII. ОДВОИВОСТ

**Член 29**

Во случај некој дел од овој Договор да биде прогласен за неважечки, неправосилен или на друг начин неспроведлив од страна на надлежен суд, таквиот дел ќе се интерпретира на начинот кој е најблизок до неговата првобитна намера, а е спроведлив, или ако тоа не е можно ќе се смета дека е одвоен од овој Договор и дека како таков нема на никаков начин да го нарушува или да го засега остатокот од овој Договор, за кој договорните страни се согласуваат дека инаку би останал во полна сила и дејство.

## VIII. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 30**

Промени и дополнување на овој Договор може да се направат само во писмена форма со взаемна согласност на договорните страни.

**Член 31**

Сите идни измени и дополнувања на Законот кои директно влијаат на правата и обврските на двете договорни страни на овој Договор ќе бидат автоматски имплементирани во овој Договор, за што се согласни и двете договорни страни.

## IX. ВАЖЕЧКО ПРАВО И РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОР

**Член 32**

Секоја ситуација која не е покриена со овој Договор ќе биде разрешена согласно позитивните законски прописи важечки во Република Македонија.

**Член 33**

Секој спор што ќе произлезе од или во врска со овој Договор, договорните страни ќе се обидат најпрво да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Доколку тоа биде невозможно двете договорни страни имаат право да го префрлат спорот на решавање во Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 34**

Договорот е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по еден (1) за договорните страни а другите 2 (два) за службени потреби.

**Член 35**

Прилозите 1 и 2 се неделив дел од овој Договор.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

ПАКОМАК ДОО Скопје | ПРОИЗВОДИТЕЛ

Друштво за пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје
бул. Партизански одреди, Порта Влае блок 4 (Мезанин), 1000 Скопје

# ПРИЛОГ 2

страна 1/1

**Име на производителот:** ______________________

**ОБРАЗЕЦ за Месечна евиденција Број:** ________

**за период од:** ________ **до:** ________________ **година**

| Ред.бр. | Број на фактура / царинска декларација | **Име на пакуван производ** пуштен на пазар и број на неговата производна спецификација | **Количина на пакуваниот производ** пуштен на пазарот (парче) | **Вид на материјалот за пакување по тежина** (во кг.) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Пластика | Хартија и картон | Метал | Стакло | Дрвени материјали | Композитни материјали |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| 1 | | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | | |
| 7 | | | | | | | | | |
| 8 | | | | | | | | | |
| 9 | | | | | | | | | |
| 10 | | | | | | | | | |
| 11 | | | | | | | | | |
| 12 | | | | | | | | | |
| 13 | | | | | | | | | |
| 14 | | | | | | | | | |
| 15 | | | | | | | | | |
| 16 | | | | | | | | | |
| 17 | | | | | | | | | |
| 18 | | | | | | | | | |
| 19 | | | | | | | | | |
| 20 | | | | | | | | | |
| 21 | | | | | | | | | |
| 22 | | | | | | | | | |
| 23 | | | | | | | | | |
| 24 | | | | | | | | | |
| 25 | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | **ВКУПНО:** | | | | | | | |

**Дата:** ________________

**Овластено лице:** ________________
(име и презиме)

**Потпис и печат:** ____________

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
**ПАКОМАК ДОО Скопје**
бул. Партизански Одреди, Порта Влае блок 4, Скопје, Р.Македонија
Ж-сметка: 250-001002708705 Депонент: Шпаркасе банка АД Скопје, ДДВ: МК4057010510526

# ПРИЛОГ 1

| Надоместоци 2016 | | во ЕУР/тон |
|---|---|---|
| | *Тип на отпад* | |
| 1 | Хартија/Картон | 18.20 |
| 2 | Пластика | 22.10 |
| 3 | Стакло | 19.80 |
| 4 | Метал | 20.80 |
| 5 | Композитни материјали | 22.00 |
| 6 | Дрво | 21.20 |

1 ЕУР = 61,6 денари.
* Надоместоците се без вкалкулиран ДДВ од 5%.

** Во случај на девалвација, ПАКОМАК ДОО го задржува правото на соодветна корекција на курсот на еврото.

за ПАКОМАК ДОО:

Филип Ивановски

за ПРОИЗВОДИТЕЛОТ:

**Прилог V.3. Договор со “МИНОЛ” за превземање на отпадни масла и друг отпад**

14.03.17 0302-03/117

Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија **ПЕЈПАР МИЛ** ДОО
Бр. 0064 – 17
17-03 201 7 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

За превзимање на отпадни масла и друг отпад помеѓу

Договорни страни

1. ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ ЕДБ 4029992100373 со адреса М-6 М.В. 8-ми км бб 2000 Штип представувано од Управителот Билјана Николова од една страна.КОЛЕКТОР
контакт телефони 032 308-001, 070 368-645

2. ПЕЈПАР МИЛ ДОО ЕДБ 4013016514232 со адреса ул. Стево Теодосиевски бр. 21/2-5 представувано од Управителот Јулиан Серафимов Даскалов од друга страна ГЕНЕРАТОР.контакт тел. 070 376-213

Член 1

Предмет на овој договор е превземање на отпадните масла и друг отпад од ПЕЈПАР МИЛ ДОО.

Член 2

Согласно донесениот правилник за отпадни масла објавен во Службен Весник Бр 156 од 26.12.2007 двете страни се договорија под кои услови да се превземаат отпадните масла кои се создаваат преку годината а доставени по спецификација.

Член 3

Со овој договор ПЕЈПАР МИЛ ДОО се обврзува отпадните масла да ги предава на ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ и тоа: моторни и други кои се создаваат преку целата година по спецификација која е доставена и да постапува во целост по правилникот за отпадни масла и опасен отпад.

Член 4

ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ кој има дозвола од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање за собирање и транспорт на опасен отпад бр. 11-10597/1, А-интегрирана дозвола за усогласување со оперативен план се обврзува да ги превземе под следните услови:

-отпадни моторни и други масла селектирани без вода и други примеси цена за превземање: 3 ден/кг плаќа КОЛЕКТОРОТ..

-отпадни крпи,апсорбенти,филтри и амбалажа контаминирана со масла Цена 20,00 ден/кг плаќа ГЕНЕРАТОРОТ
-земја помешана со масла, отпаден битумен, отпаден мазут, отпадна маст цена за превземање 60,00 ден/кг плаќа ГЕНЕРАТОРОТ.
–Процентот на вода ке биде одбиен од количината на маслото.
Отпадните масла не смеат да содржат биоразградливи масла, масла за обработка на метали, машински масла, голем процент на гориво и мазут и

ПХБ.
Отпадните масла КОЛЕКТОРОТ ќе ги превзима со специјално возило а ГЕНЕРАТОРОТ се обврзува да му обезбеди приклучок на електрично напојување од 380V ако има услови за тоа но доколку не постојат услови за напојување од 380V маслата ќе се превзимаат со комби возило. Амбалажата е повратна.

Член 5

ПЕЈПАР МИЛ ДОО се обврзува отпадните масла да ги селектира и евидентира согласно Образецот за евиденција на отпадни масла кој е прилог во СЛ.Весник бр.156.

Член 6

Пред превземањето ќе се врши проба, ако маслата одговараат според договорот и евиденцијата за истите ќе се подполни ТРАНСПОРТЕН ФОРМУЛАР за превземени отпадни масла.

Член 7

Сите останати не споменати масла, масти, отпадни горива и друго кои ќе бидат предмет на превземање ќе се регулира со анекс кон договор кој ќе се потпише.

Член 8

Плаќањето за превземањето на отпадните масла и друг отпад кои треба да се наплаќаат Член 4 ќе се врши во рок од 30 дена од превземањето и фактурирањето. Во цената не е пресметано ДДВ.

Член 9

Секое непочитување на овој договор договорните страни меѓусебно ќе го разрешат, а ако не можат тогаш договорот се смета за раскинат.

Член 10

Рамковниот договор се склучува на неодредено време,под услов двете страни да го почитуваат договорот.

Член 11

Договорот ќе се состави во 4(четири) примероци по два на двете страни.

ФПМ МИНОЛ ДООЕЛ Штип | ПЕЈПАР МИЛ ДОО Кочани